**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА



**Скопје, 2020 година**

**ВОВЕД**

Врховниот суд на Република Северна Македонија претставува уставна категорија чија положба во однос на другите судови во судската власт е пропишана во член 101 од Уставот на Република Македонија, како највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите.

Согласно Законот за судовите, во рамки на својата стварна надлежност, Врховниот суд на Република Северна Македонија како највисок суд одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, за судир на надлежност и определување на месна надлежност, одлучува по барање за повреда на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Северна Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и други работи определени со закон.

Оваа своја надлежност Судот ја остварува преку **Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок, Одделот за судска практика, специјализирани совети за постапување п**о барањата за заштита на основните слободи и права загарантирани со Уставот и по жалби од кандидати кои не се избрани за судија односно Претседател на суд.

Својата надлежност за воедначување на судската практика, Врховниот суд ја остварува на **Општа седница** преку утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења и преку изготвување на сентенци усвоени на седниците на судските оддели, кои се објавуваат на web страната на Судот. Исто така, воедначувањето на судската практика се реализира и следи и преку Одделот за судска практика.

Во исполнување на уставните и законските надлежности и во 2019 година, Претседателот и сите судии на Врховниот суд, учествуваа во работењето на советите, Општата седница, седница на судиите, седница на одделите, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Судиите во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, како и на семинари, едукации и студиски патувања.

Во Врховниот суд, за употребата и унапредувањето на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите, со Одлука на Претседателот на Судот се формира и функционира Работно тело за стандардизација на постапките во судовите кое е од постојан карактер и во постојано заседание, а со него раководи судија на Врховниот суд.

Согласно Законот за судовите, во Врховниот суд е формиран и функционира информатички центар со база на податоци за информатичка технологија надлежен за техничко управување со автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети и базите на податоци кои произлегуваат од работата на судовите.

Согласно Законот за судска служба, во рамките на Судот функционира и Совет за судска служба во состав и надлежности определени со Законот и Одделение за административни работи на Советот, а претседател на советот е Судскиот администратор на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Обемот и интензитетот на работата е изразен преку податоците за постапување по конкретни видови предмети во текот на целата година во одделите и специјализирани совети кои се прикажани, и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

**ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Со Одлука на Судскиот совет на Репувблика Северна Македонија, утврдено е судиската функција во Врховниот суд на Република Северна Македонија да ја извршуваат **25 судии**, меѓутоа како и претходните години и оваа година на судијата кој е избран за член на Судскиот совет и судијата кој е избран во Уставниот суд, судиските места им мируваа.

Во септември 2019 година, на Претседателот на Судот и еден судија им беше изречена мерка, времено оддалечување од вршење на Претседателската, односно судиската функција и беше избран ВД Претседател на Судот.

По барање на Општата седница на Врховниот суд, со Одлука на Судскиот совет  се прошири бројот на судиски места и се утврди дека судиската функција во Врховниот суд ќе ја извршуваат **28 судии.**

Врз основа на оваа Одлука од страна на Судскиот совет, беше објавен оглас за шестмина судии, меѓутоа до крајот на годината изборот целосно не се изврши, а во десетти месец 2019 година беше избран еден судија во Врховниот суд.

Од сето погоренаведено произлегува дека, Судот во извештајната година функционираше со непотполн судиски состав од само **17 судии** што беше дури и на граница на потребниот минимум за нормално функционирање на Судот, со оглед на неговите надлежности, работа на Општа седница, работа во четири оддели, Оддел за казниви дела, Оддел за граѓански дела, Оддел за судење во разумен рок и Оддел за судска практика, што предизвикува голем број на иземања и потреба за реорганизација и прераспоредување со континуирана ангажираност и стручните судски сорботници во повеќе совети.

Согласно Законот за судовите, Законот за судска служба, Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и Годишниот план за вработување утврдена е внатрешната организација, работните места и бројот на извршители потребни за извршување на надлежностите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Од предвидениот број на судски службеници во Правилникот, кои согласно Законот за судска служба се класифицираат во три групи (раководни, стручни и помошно стручни судски службеници), може да се констатира дека бројот на судски службеници во судот воопшто не ги задоволува потребите согласно обемот и сложеноста на надлежноста на Врховен суд на Република Северна Македонија како највисок суд во државата.

Во изминатиот период се констатира континуиран одлив и упразнување на работни места од сите категории на судски службеници поради заминување во други институции, иселување и по основ на пензионирање.

Со оглед на тоа што вака упразнетите работни места не се пополнуваа навремено, поради недобивање на одобрување и согласност од Министерството за финансии за објавување огласи, недостигот од вработени се надоместува со распоред за работа, поради кој подолг временски период секој вработен врши повеќе работи. Во декември 2019 година по добиена согласност, реализирани се 12 - дванаесет вработувања со објавување на јавен оглас и тоа за работно место судски советник 5 - пет извршители, за виш судски соработник 4 – четири извршители, за работно место виш судски референт дактилограф 2 - два извршители и за помлад судски референт 1- еден извршител.

Ако се има предвид и претходниот период кога 5 (пет) административни судски службеници, вработени во Врховниот суд на Република Северна Македонија беа преземени во Управниот суд и нивните места оттогаш не се пополнети, вклучително со работните места упразнети по основ на пензионирање, укажува дека бројот на судските службеници во судот воопшто не ги задоволува потребите. Во моментот, во трите писарници, кривична, граѓанска и судење за разумен рок, работат 6 (шест) помошно стручни судски службеници.

Врховниот суд 2019 година, ја заврши со **67** вработени судски службеници од категоријата раководни, стручни и помоношно стручни судски службеници, 5-мина судска полиција и 6 вработени во техничка служба. Вака намалениот број на судски службеници не соодветствува со обемот на работа и бројот на судиите

## ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија од 2018 година останале нерешени **1422** предмети, новопримени **од 2019 година** биле **2002** предмети, што значи дека Судот постапувал по вкупно **3422** предмет од сите видови со 5 предмети повторно во работа и без 7 предмети погрешно заведени. Во текот на годината решени биле **2167**, а останале нерешени **1255** предмети. Врховниот суд на Република Северна Македонија го совладал приливот и го намалил заостатокот за **165** предмети.

### Извештај по оддели за период од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година

| **Област** | **Граѓанска област** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност | 16 | 225 | 0 | 1 | 240 | 225 | 15 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **16** | **225** | **0** | **1** | **240** | **225** | **15** |
| **Вид на предмет** | **Граѓански предмети по ревизија** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Трговски спорови - ревизија | 166 | 243 | 3 | 0 | 412 | 186 | 226 |
| Работни спорови - ревизија | 125 | 187 | 0 | 0 | 312 | 118 | 194 |
| Граѓански спорови-ревизија | 639 | 529 | 1 | 4 | 1165 | 682 | 483 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **930** | **959** | **4** | **4** | **1889** | **980** | **901** |
| **Вкупно - област** | **946** | **1184** | **4** | **5** | **2129** | **1211** | **918** |
| **Област** | **Кривична област** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни кривични предмети | 12 | 53 | 0 | 0 | 65 | 59 | 6 |
| Заштита на законитоста по кривични предмет | 23 | 23 | 0 | 0 | 46 | 36 | 10 |
| Вонредно ублажување на казната | 17 | 44 | 0 | 0 | 61 | 53 | 8 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **52** | **120** | **0** | **0** | **172** | **148** | **24** |
| **Вид на предмет** | **Вонредно преиспитување на правосилна пресуда** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда организиран криминал - совет од петмина судии | 15 | 12 | 0 | 1 | 26 | 15 | 11 |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда организиран криминал - совет од тројца судии | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| Вонредно преиспитување на | 92 | 166 | 0 | 0 | 258 | 162 | 96 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| правосилна пресуда - совет од петмина судии | | | | | | | |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда - совет од тројца судии | 44 | 0 | 0 | 0 | 44 | 44 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **152** | **179** | **0** | **1** | **330** | **223** | **107** |
| **Вид на предмет** | **Третостепени кривични предмети** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Жалби по пресуди во трет степен | 22 | 60 | 0 | 1 | 81 | 58 | 23 |
| Жалби на решенија на притвор | 0 | 67 | 0 | 0 | 67 | 67 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **22** | **127** | **0** | **1** | **148** | **125** | **23** |
| **Вкупно - област** | **226** | **426** | **0** | **2** | **650** | **496** | **154** |
| **Област** | **Судење во разумен рок** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - второстепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - жалби | 17 | 130 | 0 | 0 | 147 | 116 | 31 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **17** | **130** | **0** | **0** | **147** | **116** | **31** |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - првостепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - Управна | 72 | 69 | 0 | 0 | 141 | 73 | 68 |
| Судење во разумен рок - Кривично | 65 | 62 | 1 | 0 | 128 | 83 | 45 |
| Судење во разумен рок - Граѓанско | 81 | 109 | 0 | 0 | 190 | 157 | 33 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **218** | **240** | **1** | **0** | **459** | **313** | **146** |
| **Вкупно - област** | **235** | **370** | **1** | **0** | **606** | **429** | **177** |
| **Област** | **Управна област** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Заштита на законитоста во управен спор | 5 | 4 | 0 | 0 | 9 | 7 | 2 |
| Жалби против одлуки на Управен суд | 10 | 17 | 0 | 0 | 27 | 23 | 4 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **15** | **21** | **0** | **0** | **36** | **30** | **6** |
| **Вкупно - област** | **15** | **21** | **0** | **0** | **36** | **30** | **6** |
| **Вид на предмет** | **Жалби против одлуки на ССРСМ** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Жалби против одлуки на ССРСМ - за избор | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **1** | **0** | **0** | **1** | **1** | **0** |
| **Вкупно** | **1422** | **2002** | **5** | **7** | **3422** | **2167** | **1255** |

**СУДСКА УПРАВА**

| Област | Судска управа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Евиденции во судска управа** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Предмети од судска управа | 2 | 2187 | 0 | 0 | 2189 | 2189 | 0 |
| Доверливи предмети во судска управа | 0 | 22 | 0 | 0 | 22 | 22 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **2** | **2209** | **0** | **0** | **2211** | **2211** | **0** |
| **Вид на предмет** | **Преставки и поплаки** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Слободен пристап до информации | 0 | 30 | 0 | 0 | 30 | 30 | 0 |
| Евиденција на преставки и поплаки | 0 | 247 | 1 | 0 | 248 | 248 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **277** | **1** | **0** | **278** | **278** | **0** |
| **Вкупно - област** | **2** | **2486** | **1** | **0** | **2489** | **2489** | **0** |

**Претставки, предлози и други обраќања од судска управа**

Во текот на 2019 година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно **248 претставки** заведени во уписникот УПП.

Од вкупно доставените претставки заведени во уписникот УПП, 142 се барања за побрзо решавање на предметите, а 106 се поднесоци од други граѓани, институции и државни органи.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно примените 142 барања за приоритетно решавање на предметите, одобрил 41, одбил 27, додека пак за останатите, се добиени податоци дека предметите се земени во работа, односно дека постапката по конкретен предмет е завршена, а предметот е експедиран до надлежниот понизок суд.

Од вкупно доставените поднесоци заведени во уписникот УПП, евидентирани се 2 поднесока на Министерството за правда, 10 на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 20 поднесоци на Народниот правобранител и 1 поднесок на Хелсиншкиот комитет за човекови права, со барање информација во врска со поднесена ревизија, траење на постапката и друго.

По доставените поднесоци по разни основи заведени во уписникот УПП, Врховниот суд постапувал во согласност со Законот за судовите, Законот за постапување по претставки и предлози, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

**Барања за изземања - СУ- ИЗЗ / 2019**

Вкупен број на поднесени барања за изземање; 103

-број на поднесени барања од странки за изземање на судија; 2

-број на поднесени барања од странки за изземање на претседател на понизок суд; 6

-број на поднесени барања од судија на ВСРСМ за иземање на судија; 95

-број на барања за изземање поднесени од претседател на суд до претседател на непосредно повисок суд; /

## ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

### ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

### Сумарен преглед за работата по предметите

Во текот на извештајната **2019** година новопримени се **425** предмети, останати од декември месец **2018** година **225** предмети, или вкупно во работа биле **650** предмети по сите основи. Прегледот на вкупно решени и нерешени предмети по разни основи во 2019 година е даден во **табела 1**.

**Табела 1**

| вид на предмети | Останати од XII месец 2018 | Примени во 2019 | Вкупно во работа | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | - | 67 | 67 | 67 | - |
| ВКЖ2 | 22 | 59 | 81 | 58 | 23 |
| КВП1 | 44 | - | 44 | 44 | - |
| КВП2 | 92 | 166 | 258 | 162 | 96 |
| Квп-КОК1-Квп | 1 | 1 | 2 | 2 | - |
| Квп-КОК2-Квп | 14 | 12 | 26 | 15 | 11 |
| ВУК | 17 | 44 | 61 | 53 | 8 |
| КЗЗ | 23 | 23 | 46 | 36 | 10 |
| КР | 12 | 53 | 65 | 59 | 6 |
| **ВКУПНО** | **225** | **425** | **650** | **496** | **154** |

Бројот на вкупно нерешени предмети на крајот на 2019 година, се должи на тоа што голем број од истите во Судот се примени во последниот месец од извештајната година, поради што не можеле да бидат земени во работа, од причина што биле дадени на мислење во Јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

Во текот на извештајната година, судиите, советниците и вишите судски соработници активно учествуваа на семинари, советувања, конференции и работилници.

### Структура на решените предмети по видот на кривичните дела

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда –**КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2,** вкупно 223 предмети, е следна:

**Глава XIV од КЗ - Кривични дела против животот и телото**

57 предмети за кривично дело – Убиство - **член 123**;

1 предмети за кривично дело- Убиство на миг – **член 125;**

12 предмети за кривично дело – Телесна повреда – **член 130;**

11 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда – **член 131;**

1 предмет за кривично дело – Учество во тепачка – **член 132;**

1 предмет за кривично дело–Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница-**член 133**

**Глава XV од КЗ - Кривични дела против слободата и правата на човекот и граѓанинот**

1 предмет за кривично дело – Противправно лишување од слобода – **член 140;**

3 предмети за кривично дело – Грабнување – **член 141;**

6 предмети за кривично дело – Загрозување на сигурноста – **член 144;**

1 предмет за кривично дело – Нарушување на неповредливоста на домот – **член 145**

**Глава XIX КЗ - Кривични дела против слободата и половиот морал**

5 предмети за кривично дело – Силување – **член 186;**

2 предмети за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице – **член 187;**

13 предмети за кривично дело–Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години - **член 188;**

1 предмети за кривично дело – Обљуба со злоупотреба на положбата – **член 189;**

1 предмети за кривично дело – Прикажување на порнографски материјал на дете **– член 193;**

2 предмети за кривично дело – Родоскврнавење – **член 194**

**Глава XX од КЗ - Кривични дела против бракот, семејството и младината**

3 предмети за кривично дело – Одземање малолетник – **член 198;**

1 предмет за кривично дело-Запуштање и малтретирање на малолетно лице-**член 201;**

**Глава XXI од КЗ - Кривични дела против здравјето на луѓето**

1 предмет за кривично дело-Несовесно лекување болни-**член 207;**

57 предмети за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психоптропни супстанции и прекурсори – **член 215;**

2 предмети за кривично дело-Овозможување на употреба наркотични дроги-**член 216**

**Глава XXII од КЗ - Кривични дела против животната средина и природата**

2 предмети за кривично дело – Узурпација на недвижности **– член 225**

**Глава XXIII од КЗ - Кривични дела против имотот**

7 предмети за кривично дело – Кражба – **член 235;**

31 предмет за кривично дело – Тешка кражба – **член 236;**

34 предмети за кривично дело – Разбојништво – **член 237;**

2 предмети за кривично дело – Разбојничка кражба – **член 238;**

2 предмети за кривично дело – Оштетување туѓи предмети – **член 243;**

1 предмет за кривично дело– Оштетување туѓи права – **член 244;**

5 предмети за кривично дело – Бесправно градење – **член 244-а;**

20 предмети за кривично дело – Измама – **член 247;**

1 предмет за кривично дело – Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем **– член 251;**

5 предмети за кривично дело – Изнуда – **член 258;**

2 предмети за кривично дело – Уцена **– член 259;**

1 предмет за кривично дело – Лихварство – **член 260**

**Глава XXV од КЗ -Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството**

1 предмет за кривично дело – Фалсификување пари **– член 268;**

1 предмет за кривично дело-Перење пари и други приноси од казниво дело-**член 273;**

1 предмет за кривично дело – Изработка и употреба на лажна платежна картичка **–член 274-б;**

2 предмети за кривично дело – Криумчарење – **член 278;**

3 предмети за кривично дело – Даночно затајување – **член 279;**

2 предмети за кривично дело – Фалсификување или уништување деловни книги **– член 280**

**Глава XXVI од КЗ - Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот**

6 предмети за кривично дело – Тешки дела против општата сигурност – **член 292**

**Глава XXVII од КЗ - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај**

1 предмет за кривично дело-Загрозување на безбедноста на сообраќајот-**член 297;**

29 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот – **член 300;**

1 предмет за кривично дело – Неукажување помош на лица повредени во сообраќајна незгода - **член 301**

**Глава XXVIII од КЗ - Кривични дела против државата**

3 предмети за кривично дело – Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста – **член 313;**

1 предмет за кривично дело – Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации – **член 322-а**

**Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност**
24 предмети за кривично дело–Злоупотреба на службена положба и овластување-**член 353;**
9 предмети за кривично дело – Несовесно работење во службата – **член 353-в;**
1 предмет за кривично дело – Проневера во службата – **член 354;**
8 предмети за кривично дело – Примање поткуп – **член 357**
**Глава XXXI од КЗ - Кривични дела против правосудството**
1 предмет за кривично дело –Лажно пријавување на кривично дело – **член 366;**
1 предмет за кривично дело – Поднесување лажни докази – **член 366-а;**
1 предмет~~и~~ за кривично дело – Давање лажен исказ – **член 367;**
2 предмети за кривично дело – Противзаконито ослободување на лице лишено од слобода **– член 373**
**Глава XXXII од КЗ - Кривични дела против правниот сообраќај**
5 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа – **член 378**
**Глава XXXIII од КЗ - Кривични дела против јавниот ред**
2 предмети за кривично дело – Спречување службено лице во вршење службено дејствие – **член 382;**
13 предмети за кривично дело – Насилство – **член 386;**
12 предмети за кривично дело – Злосторничко здружување – **член 394;**
16 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи – **член 396**
**Глава XXXIV од КЗ - Кривични дела против човечноста и меѓународното право**
1 предмет за кривично дело – Воено злосторство против цивилно население **- член 404;**
3 предмети за кривично дело – Криумчарење мигранти – **член 418-б;**
8 предмети за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти – **член 418-в;**
1 предмет за кривично дело – Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската Унија и на Шенгенскиот договор – **член 418-д;**
1 предмет за кривично дело–Трговија со малолетно лице – **член 418-г**

**Структурата на решените предмети по видот на прекршоци, заведени во уписникот – КР е следна:** 21 предмет за прекршок од ЗБСП, 8 предмети за прекршок од Закон за јавен ред и мир, 2 предмети за прекршок од Закон за шуми, 2 предмети за прекршок од Закон за возила и по 1 предмет за прекршок од Законот за заштита на потрошувачите, од Закон за лекови и медицински помагала, од Закон за управна инспекција, од Закон за државниот инспекторат за земјоделство, од Закон за готовинско плаќање, од Закон за игрите на среќа и забавни игри, од Законот за набавка, држење и носење на оружје и муниција, од Законот за спречување на насилство и од Законот за производи за заштита на растенијата.

Од вкупно решени 223 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

**Табела 2**

| | Со 1 лице | Со 2 лица | Со 3 лица | Со 4 лица | Со 5 лица | Со 7 лица | Со 11 лица | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КВП1** | 38 | 6 | - | - | - | - | - | **44** |
| **КВП2** | 141 | 16 | 4 | 1 | - | - | - | **162** |
| **КВП-КОК1** | - | 2 | - | - | - | - | - | **2** |
| **КВП-КОК2** | 7 | 1 | 2 | - | 3 | 1 | 1 | **15** |
| **Вкупно** | **186** | **25** | **6** | **1** | **3** | **1** | **1** | **223** |

Од вкупно решените 223 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда – **КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2** по апелациони судови и според одлуката на советот, состојбата е прикажана во **табела 3.**

**Табела 3**

| судови | КВП1, КВП2 | | КВП-КОК1 | | КВП-КОК2 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | решени | нерешени | решени | нерешени | решени | нерешени |
| Апелационен суд Скопје | 76 | 50 | 2 | - | 15 | 11 |
| Апелационен суд Битола | 41 | 13 | - | - | - | - |
| Апелационен суд Штип | 35 | 17 | - | - | - | - |
| Апелационен суд Гостивар | 54 | 16 | - | - | - | - |
| ВКУПНО | 206 | 96 | 2 | - | 15 | 11 |
| | | | 2 | | 26 | |

## Показатели за одбиени, уважени, преиначени и отфрлени барања по сите основи

Состојбата по предметите по сите основи по кои постапувале судиите во Одделот за казниви дела, е прикажана во **табела бр. 4**.

**Табела 4**

| вид на предмети | Одбиени | Уважени | На друг начин | Отфрлени | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | 49 | 12 | - | 6 | 67 | - |
| ВКЖ2 | 27 | 21 | - | 10 | 58 | 23 |
| КВП1 | 34 | 3 | - | 7 | 44 | - |
| КВП2 | 103 | 15 | - | 44 | 162 | 96 |
| ВУК | 42 | 7 | 2 | 2 | 53 | 8 |
| КЗЗ | 12 | 24 | - | - | 36 | 10 |
| КР | 13 | 26 | 15 | 5 | 59 | 6 |
| Квп.КОК1.Квп | 2 | - | - | - | 2 | - |
| Квп.КОК2.Квп | 11 | 2 | - | 2 | 15 | 11 |
| ВКУПНО | 293 | 110 | 17 | 76 | 496 | 154 |

Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста - **КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија кои биле во постапка пред Одделот за казниви дела, а кои се однесуваат на апелационите и основните судови е како што е прикажана во **табелата бр.5**.

**Табела 5 2019 година КЗЗ - преглед на решени предмети по судови**

| Апелационен суд | Основен суд и број на предмети | барање одбиено | УВАЖЕНИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Укината I ст.пресуда | Укината II ст.пресуда | Укината I-ст . и II ст. пресуда | Повреда на КЗ | Ослободи. пресуда | отфрлени | Преиначени. или на друг начин | Решени | Нерешени |
| Скопје 15 предмети | Основен суд Скопје I -10 Основен суд Куманово-1 Основен суд Неготино-1 Основен суд Велес-2 Основен суд Кавадарци-1 | 3 | - | 1 | - | 4 | - | - | 1 | 9 | 6 |
| Битола 8 предмети | Основен суд Струга-4 Основен суд Битола-4 | 2 | - | 1 | 1 | 3 | - | - | - | 7 | 1 |
| Штип 16 предмети | Основен суд Струмица-5 Основен суд Кочани-2 Основен суд Радовиш-1 Основен суд С.Николе-2 Основен суд Штип-3 Основен суд Виница-2 Основен суд Берово-1 | 5 | 1 | 1 | 4 | 3 | - | - | - | 14 | 2 |
| Гостивар 7 предмети | Основен суд Тетово-2 Основен суд Гостивар-4 Основен суд Кичево-1 | 2 | 1 | - | - | 2 | - | - | 1 | 6 | 1 |
| Вкупно во работа предмети: 46 Вкупно решени предмети: 36 | | 12 | 2 | 3 | 5 | 12 | - | - | 2 | 36 | 10 |

| 1 лице | 2 лица | 3 лица | 4 лица | Вкупно осудени лица |
|---|---|---|---|---|
| 29 пред. | 5 пред. | - | 2 пред. | 36 |

Видно од табелата , од вкупно решените 36 барања, одбиени се 12 како неосновани. Од уважените: во 2 предмети укината е првостепената пресуда, во 3 предмети е укината само второстепена пресуда, во 5 предмети е укината првостепена и второстепена пресуда, во 12 предмети е констатирана повреда на КЗ, во 2 предмети е преиначена одлуката, а нерешени предмети останале вкупно 10.

По апелациони подрачја состојбата на решени и нерешени предмети е следна: 15 предмети од Апелациониот суд Скопје, од кои 9 решени и 6 нерешени, 8 предмети од Апелациониот суд Битола, од кои 7 решени и 1 нерешен, 16 предмети од Апелациониот суд Штип од кои 14 решени и 2 нерешени и 7 предмети од Апелациониот суд Гостивар од кои 6 решени и 1 нерешен.

Со едно осудено лице имало 29 предмети,  со две лица 5 предмети и со четири лица 2 предмети или вкупно 36 осудени лица.

Состојбата на предметите во постапка на трет степен – **ВКЖ1** по жалби на решенија на притвор и по жалби на пресуди на Апелационите судови е прикажана во **табела 6**.

**Табела 6-1 ВКЖ1- жалби на решенија на притвор**

| Број на примени предмети во 2019 година | Останати од 12 месец 2018 година | Вкупно во работа | отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Решени | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 67 | - | 67 | 6 | 49 | 12 | - | 67 | - |
| Вкупно: 67 | **-** | **67** | **6** | **49** | **12** | **-** | **67** | **-** |

**Табела 6-2 ВКЖ2 - жалби по пресуди во трет степен**

| Број на примени предмети во 2019 година | Останати од 12 месец 2018 година | Вкупно во работа | отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Решени | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 59 | 22 | 81 | 10 | 27 | 21 | - | 58 | 23 |
| Вкупно: 59 | **22** | **81** | **10** | **27** | **21** | **-** | **58** | **23** |

Новопримени предмети по жалба на решенија за притвор во 2019 година се 67 предмети, од кои во 49 предмети жалбата е одбиена како неоснована, во 12 предмети уважени се жалбите, а во 6 предмети жалбите биле отфрлени. Нерешени предмети нема.

По жалба по пресуди во трет степен – **ВКЖ2,** примени се во 2019 година 59 предмети, 22 предмети останале од месец декември 2018 година, или вкупно во работа биле 81 предмет од кои 27 предмети се одбиени, 21 предмети се уважени, 10 предмети отфрлени, а останале нерешени 23 предмети.

Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - **ВУК** е следна:

Од 2018 година останале нерешени 17 предмети, новопримени во 2019 година се 44 предмети, вкупно во работа биле 61 предмет од кои решени се 53 предмети, а останале нерешени 8 предмети. По видот на одлуката: 42 предмети се одбиени, 7 уважени, 2 отфрлени предмети и на друг начин решени 2 предмети.

Состојбата по предметите заведени под **КР**, каде Врховниот суд на Република Северна Македонија донесува одлуки за решавање на судир на надлежност, за пренесување на месна и стварна надлежност, по поднесени поднесоци од страна на на супсидијарен тужител, по поднесени барања за екстрадиција, по поднесени барања за застареност во прекршочна постапка, по поднесени барања за враќање во поранешна постапка и друго,  е следна:

Од 2018 година останале нерешени 12 предмети, новопримени во 2019 година се 53 предмети, вкупно во работа биле 65 предмети, од кои решени се 59 предмети, а останале нерешени 6 предмети. По видот на одлуката: во 13 предмети се одбиени барањата, во 26 предмети се уважени, во 5 предмети се отфрлени и 15 предмети решени се на друг начин.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПО ОСНОВИ И ПО ПРЕДМЕТИ

Во текот на извештајната година судиите решиле **496** предмети, од кои **1** предмет од **2014** година, **8** предмети од **2015** година, **17** предмети од **2016** година, **63** предмети од **2017** година и **122** предмети од **2018** година, или вкупно **211** заостанати предмети од претходните години, а на крајот на годината останале нерешени **154** предмети по сите основи. Според ова, приливот на предмети е целосно совладан и за останатиот дел е намален за 71 предмет.

Времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Северна Македонија од приемот на предметите во Одделот за казниви дела до нивно решавање и експедиција е прикажан во **табела бр.6**.

**Табела 6 Траење на постапка за ОДДЕЛ за казниви дела - 2019**

| Уписник | Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | до 2 месеца | до 3 месеца | до 4 месеци | до 5 месеци | до 6 месеци | до 7 месеци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за барање за вонредно ублажување на казната | 61 | 53 | 5 | 17 | 8 | 8 | 3 | 2 | 1 |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда- 3 | 44 | 44 | | | | | | | |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда- 5 | 258 | 162 | 8 | 15 | 13 | 16 | 17 | 15 | 12 |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда-организиран криминал 3 | 2 | 2 | 1 | | | | | | |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда-организиран криминал 5 | 26 | 15 | | 2 | | 1 | | | |
| Уписник за жалби на решенија на притвор | 67 | 67 | 67 | | | | | | |
| Уписник за жалби по пресуди во трет степен | 81 | 58 | 3 | 9 | 11 | 8 | 6 | 3 | 4 |
| Уписник за разни кривични предмети | 65 | 59 | 24 | 12 | 6 | 7 | 3 | | |
| Уписник по барање за заштита на законистоста по кривични предмет | 46 | 36 | | 2 | 2 | 3 | 5 | 2 | 3 |
| **ВКУПНО** | 650 | 496 | 108 | 57 | 40 | 43 | 34 | 22 | 20 |

Во 2019 година како произлегува и од табелата за времетраење на постапката, по одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки, кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда до осудениот, доставени докази во фотокопии и слично).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен ВКЖ, постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а било потребно и време за закажување и одржување на јавни седници на советот.

Некои од предметите во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно да се вратат на судовите, или на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија административно, или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата, на кого му бил распределен предметот, со преписка, со органот од кого е добиен предметот.

## ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

### Обем на работа

Од бројчаните показатели за 2019 година, во Одделот за граѓански дела имало **вкупно во работа 2.129** предмети, од кои **944 нерешени предмети** останати од 2018 и 2017 година, а **новопримени предмети** се **1.185**. Во споредба со 2018 година кога биле примени **1.204** предмети, приливот на нови предмети во 2019 година е намален за **19** предмети. Во извештајната година **решени** се **1.211** предмети, а **нерешени предмети** останале **918**. Споредено со 2018 година кога биле решени **1.341** предмети, во извештајната година решени се **130** предмети помалку. Споредено со 2018 година, кога останале **946** нерешени предмети, бројот на нерешените предмети на крајот од 2019 година изнесува **918**, и е намален за **28** предмети. Во 2019 година во Одделот за граѓански дела приливот на нови предмети е совладан, односно во 2019 година примени се вкупно **1.185** предмети а решени се вкупно **1.211** предмети, со што **заостатокот е намален за 26 предмети**.

**Табела 1** **Табела за движење на предметите – 2019 година**

| Уписник | Нерешени од претходниот период | Ново примени | Предадени на друг судија | Примени од друг судија | Вкупно во работа | Решени | Незавршени на крајот на периодот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за граѓански предмети по ревизија | 638 | 527 | 423 | 423 | 1165 | 682 | 483 |
| Уписник за работни спорови по ревизија | 125 | 187 | 65 | 65 | 312 | 118 | 194 |
| Уписник за разни граѓански предмети | 15 | 225 | 7 | 7 | 240 | 225 | 15 |
| Уписник за трговски спорови по ревизија | 166 | 246 | 80 | 80 | 412 | 186 | 226 |
| **ВКУПНО** | 944 | 1185 | 575 | 575 | 2129 | 1211 | 918 |

Структурата на **1211 решени** предмети е следна: од Уписникот Рев1 – решени се 186 предмети; од Уписникот Рев2 – решени се 682 предмети; од Уписникот Рев3 – решени се 118 предмети; од Уписникот Р – решени се 225 предмети.

**Табела 2**

**Решени предмети по месеци – 2019 година**

| Уписник | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за граѓански предмети по ревизија | 44 | 61 | 73 | 73 | 85 | 24 | 20 | 31 | 59 | 65 | 77 | 70 | 682 |
| Уписник за трговски спорови по ревизија | 13 | 21 | 13 | 24 | 20 | 17 | 15 | 1 | 19 | 24 | 10 | 9 | 186 |
| Уписник за разни граѓански предмети | 13 | 9 | 33 | 45 | 16 | 4 | 2 | 7 | 27 | 24 | 17 | 28 | 225 |
| Уписник за работни спорови по ревизија | 5 | 11 | 9 | 21 | 13 | 12 | 4 | 3 | 16 | 5 | 8 | 11 | 118 |
| **ВКУПНО** | 75 | 102 | 128 | 163 | 134 | 57 | 41 | 42 | 121 | 118 | 112 | 118 | 1211 |

Структурата на **нерешени 918** предмети е следна: 4 предмети останале нерешени од 2017 година и се од Уписникот Рев2, од 2018 година останале нерешени 160 предмети и тоа од Уписникот Рев1 – 40 предмети, од Уписникот Рев2 – 93 предмети и од Уписникот Рев3 – 27 предмети. Останатите 754 нерешени предмети се од 2019 година.

**Табела 3 Нерешени предмети – 2019 година (според година на прием)**

| Уписник | Примени во 2017 год. | Примени во 2018 год. | Примени во 2019 год. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Уписник за граѓански предмети по ревизија | 4 | 93 | 386 | 483 |
| Уписник за трговски спорови по ревизија | | 40 | 186 | 226 |
| Уписник за разни граѓански предмети | | | 15 | 15 |
| Уписник за работни спорови по ревизија | | 27 | 167 | 194 |
| **ВКУПНО** | 4 | 160 | 754 | 918 |

Постигнатите резултати се должат на зголемената заложба да се решат што поголем број на предмети и покрај тоа што во Одделот за граѓански дела бројот на судиите известители беше намален во однос на претходната 2018 година, сите судии и стручни судски соработници постапуваа по предмети и од друга материја.

Споредбено со изминатите години, може да се заклучи дека се намалува обемот на работа, како резултат на постепено намалување на бројот на новопримени предмети, така што во 2014 биле примени 1.692 предмети, во 2015 година примени се 1.451 предмети, во 2016 година биле примени 1.270 предмети, во 2017 година биле примени 1.225 предмети, во 2018 година биле примени 1204 предмети и во извештајната година се примени 1.185 предмети. Може да се заклучи и опаѓање на решени предмети, што е резултат на бројот на судии кои што постапувале по овој вид на предмети. Од анализата на изминатиот петогодишен период може да се заклучи дека во извештајната година е најмал заостатокот на нерешени предмети и истиот изнесува 918 предмети.

## НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ

### Постапка по ревизија

Ревизијата, како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на своите права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети **2.129** кои биле во работа во 2019 година, **по ревизија биле 1.889** предмети, од кои од Уписникот Рев1 - **412** предмети, од Уписниот Рев2 - **1.165** предмети и од Уписникот Рев3 - **312** предмети, односно по ревизии биле **88,73%** од вкупниот број предмети, а од овие, **решени по ревизија** се **986** предмети, односно **52,19**%.

Од решените **986** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: **одбиени 555** односно **56,30%**, **преиначени** одлуки во **85** предмети односно **8,70%**, **укинати** одлуки во **111** предмети односно **11,30 %**, отфрлени **234** односно **23,70%.**

Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, податоците изгледаат вака: во 2014 година 58,30%, во 2015 година 58,17%, во 2016 година 50,8%, во 2017 година 58,84, во 2018 година 62,37% и во 2019 година 56,30%. Од овие бројки се гледа дека процентот на ревизиите кои се одбиени како неосновани во 2019 година, споредбено со претходната година, е незначително намален.

Состојбата кај апелационите судови по однос на **одбиените ревизии** во 2019 година, изгледа вака:

- Апелационен суд Скопје, од вкупно **585** решени предмети по ревизии, **346** ревизии биле одбиени како неосновани или **59,20 %**;
- Апелационен суд Битола, од вкупно **200** предмети, **114** ревизии биле одбиени како неосновани или **57%**;
- Апелационен суд Штип, од вкупно **90** предмети, **43** ревизии биле одбиени како неосновани или **47,78 %;**

- Апелационен суд Гостивар, од вкупно **107** предмети, **52** ревизии биле одбиени како неосновани или **48,60%**;

Преиначувањето на побиваните одлуки настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2014 година 117 или 6,47%, во 2015 година 108 или 7,5%, во 2016 година преиначени 72 одлуки или 6,90%, во 2017 година 82 односно 6,74%, во 2018 година 83 односно 6,99% и во 2019 година преиначени 85 одлуки односно 8,62%. Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е незначително зголемено споредено со претходната извештајна година, односно нема значителни промени на резултатите на апелационите судови што се однесува на овој дел од работењето споредено со претходната година.

Состојбата кај апелационите судови по однос на **усвоени ревизии со преиначени одлуки** во 2019 година, е следна:

- Апелационен суд Скопје, од вкупно **585** решени предмети по ревизии, одлуките биле преиначени во 56 предмети или **9,60%**;
- Апелационен суд Битола, од вкупно **200** решени предмети по ревизии, одлуките биле преиначени во **16** предмети или **8%**;
- Апелационен суд Штип, од вкупно **90** решени предмети по ревизии, преиначени се одлуките во **7** предмети или **7,78%** и
- Апелационен суд Гостивар, од вкупно **107** решени предмети по ревизии, преиначени се одлуките во **6** предмети или **5,61 %**.

Состојбата по апелационите судови ~~по~~ во однос на **усвоени ревизии со укинати одлуки** во 2019 година, изгледа вака:

- Апелационен суд Скопје, од вкупно **585** предмети, **63** се укинати или **10,80%**;
- Апелационен суд Битола, од вкупно **200** предмети, **24** се укинати или **12%**;
- Апелационен суд Штип, од вкупно **90** предмети, **12** се укинати или **13,33%** и
- Апелационен суд Гостивар, од вкупно **107** предмети, **12** се укинати или **11,21%**.

Состојбата кај апелационите судови по однос на **отфрлени ревизии** во 2019 година, е следна:

- Апелационен суд Скопје, од вкупно **585** предмети, **119** се отфрлени или 20,40%;
- Апелационен суд Битола, од вкупно **200** предмети, **46** се отфрлени или **23%;**
- Апелационен суд Штип, од вкупно **90** предмети, **28** се отфрлени или **31,11%**;
- Апелационен суд Гостивар, од вкупно **107** предмети, **37** се отфрлени или **34,58%;** ~~и~~
- Управен суд 4 предмети отфрлени~~;~~

**Табела 4 Преглед на решени предмети по судови и одлука - ревизии 2019**

| Апелација | name | Вкупно решени | Отфрлени | Одбиени | Преиначени | Укинати | На друг начин |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | Основен суд Крушево | 1 | 1 | | | | |
| | Основен суд Ресен | 1 | 1 | | | | |
| | Основен суд Охрид | 72 | 12 | 46 | 4 | 10 | |
| | Основен суд Струга | 23 | 4 | 16 | 1 | 2 | |
| | Основен суд Битола со одделение Демир Хисар | 66 | 18 | 30 | 9 | 9 | |
| | Основен суд Прилеп | 37 | 10 | 22 | 2 | 3 | |
| | **Вкупно во апелационо подрачје** | **200** | **46** | **114** | **16** | **24** | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гостивар | Основен суд Дебар | 5 | | 5 | | | |
| | Основен суд Тетово | 42 | 18 | 15 | 3 | 6 | |
| | Основен суд Кичево со одделение во Македонски Брод | 27 | 10 | 15 | 1 | 1 | |
| | Основен суд Гостивар | 33 | 9 | 17 | 2 | 5 | |
| | **Вкупно во апелационо подрачје** | **107** | **37** | **52** | **6** | **12** | |
| Скопје | Основен суд Кратово | | | | | | |
| | Основен суд Куманово | 42 | 11 | 23 | 4 | 4 | |
| | Основен суд Кавадарци | 9 | 4 | 3 | 1 | 1 | |
| | Основен граѓански суд Скопје | 483 | 95 | 289 | 44 | 54 | 1 |
| | Основен суд Велес | 34 | 6 | 18 | 6 | 4 | |
| | Основен суд Неготино | 3 | 1 | 2 | | | |
| | Основен суд Крива Паланка | 4 | 1 | 3 | | | |
| | Основен суд Гевгелија со одделение Валандово | 10 | 1 | 8 | 1 | | |
| | **Вкупно во апелационо подрачје** | **585** | **119** | **346** | **56** | **63** | **1** |
| Штип | Основен суд Радовиш | 6 | 4 | 1 | 1 | | |
| | Основен суд Виница | 1 | | 1 | | | |
| | Основен суд Струмица | 24 | 7 | 11 | 1 | 5 | |
| | Основен суд Свети Николе | 5 | 2 | 3 | | | |
| | Основен суд Штип со одделение во Пробиштип | 28 | 12 | 11 | 2 | 3 | |
| | Основен суд Кочани | 15 | 2 | 10 | 2 | 1 | |
| | Основен суд Берово | 2 | 1 | | | 1 | |
| | Основен суд Делчево | 9 | | 6 | 1 | 2 | |
| | **Вкупно во апелационо подрачје** | **90** | **28** | **43** | **7** | **12** | **0** |
| | Управен суд | 4 | 4 | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **986** | **234** | **555** | **85** | **111** | **1** |

**ОСТАНАТИ ПОСТАПКИ**

Одделот за граѓански дела освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Тоа се, предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство, од кои биле во работа вкупно **240** предмети и од овие решени се **225** предмети, или **93,75%**, а останале нерешени 15 предмети или **6,25%**.

**Структура на предметите**

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2019 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ на **надомест на штета - 279** предмети или **28,30%**, потоа по основ **долг - 229** предмети или **23,23%**; за **сопственост и владение - 189** предмети или **19,17%**; **работни спорови - 109** предмети или **11,05%**; **поништување и раскинување на договор - 50** предмети или **5,07%**; за **издршка - 38** предмети или **3,85%**; за **стекнување без основ – 36** предмети или **3,65%**; за **стечај - 34** предмети или **3,45%**, **други спорови - 15** предмети или **1,53%** и **авторски права и индустриска сопственост – 7** предмети или **0,70%**.

**Табела 5 Структура на решени предмети за 2019**

| **Основ** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|
| Издршка | 40 | 38 |
| Надомест на штета | 315 | 279 |
| Стекнување без основ | 41 | 36 |
| Поништување и раскин.на договор | 80 | 50 |
| Долг | 273 | 229 |
| Сопственост и владение | 118 | 189 |
| Работни спорови | 194 | 109 |
| Стечај автор.права и инд.сопств. | 86<br>3 | 34<br>7 |
| Други спорови | 38 | 15 |
| **Вкупно** | **1188** | **986** |

Споредбено со претходната година, во 2019 година има разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало по следните основи: Намален е бројот на решени предмети во 2019 година споредбено со 2018 година по следните основи: надомест на штета - во 2019 година биле решени 279 предмети а во 2018 година биле решени 315 предмети; за долг - во 2019 година решени се 229 предмети а во 2018 година 273 предмети; работни спорови - во 2019 година решени се 109 а во 2018 година 194 предмети; поништување и раскинување на договор - во 2019 решени се 50 а во 2018 година 80 предмети; стечај - во 2019 година решени се 34 предмети а во 2018 година 86 предмети; други спорови - во 2019 година решени се 15 предмети а во 2018 година 38 предмети. Зголемен е бројот на решени предмети споредбено со претходната година по основот авторски права, односно во 2019 година решение се 7 предмети а во 2018 година решени се 3 предмети и за сопственост и владение, во 2019 година решени се 189 предмети додека во 2018 година решени се 118 предмети. По другите основи – издршка, стекнување без основ, не е забележена поголема разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало во извештајната година споредбено со претходната 2018 година.

## Траење на постапката

Во 2019 година од вкупно решени 1.211 предмети, траење на постапката над три години имало кај 1 предмет; од 1 до 3 години кај 414 предмети; од 8 месеци до 1 година кај 324 предмети; од 6 до 8 месеци кај 145 предмети; од 3 до 6 месеци кај 90 предмети; од 2 до 3 месеци кај 36 предмети, од 1 до 2 месеци кај 112 предмети, до 1 месец траела постапката кај 89 предмети. Очигледно, за добар дел од предметите постапката пред овој суд сеуште релативно долго трае, иако неспорно тој тренд споредбено со претходните години оди кон подобрување. Ваквата состојба е резултат на релативно големиот обем на работа, намалување на бројот на судиите во Одделот за граѓански дела поради непополнети судиски места, испразнети поради пензионирање и распоредување на судиите во работа во другите оддели.

**Табела 6** **Траење на постапка за 2019 год**

| Уписник | Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | од 1 до 2 мес. | од 2 до 3 мес. | од 3 до 6 мес. | од 6 до 8 мес. | од 8 мес.до 1 год. | од 1 до 3 години | над 3 години | Останати за работа | Примени нови предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за граѓански предмети по ревизија | 1165 | 682 | 1 | 8 | 2 | 26 | 66 | 267 | 312 | | 483 | 527 |
| Уписник за работни спорови по ревизија | 312 | 118 | | | | 11 | 35 | 26 | 45 | 1 | 194 | 187 |
| Уписник за разни граѓански предмети | 240 | 225 | 85 | 87 | 27 | 23 | 3 | | | | 15 | 225 |
| Уписник за трговски спорови по ревизија | 412 | 186 | 3 | 17 | 7 | 30 | 41 | 31 | 57 | | 226 | 246 |
| **ВКУПНО** | 2129 | 1211 | 89 | 112 | 36 | 90 | 145 | 324 | 414 | 1 | 918 | 1185 |

## ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Согласно Законот за судовите, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија и Распоредот за работа на судиите и судската администрација за 2019 година, судиите од **Одделот за судење во разумен рок** во текот на **2019 година** постапуваа по предмети оформени по поднесени барања за заштита на правото на судење во разумен рок и жалби против решенијата на советот од тројца судии по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок.

Покрај работата по конкретни предмети, судиите учествуваа во работа на седници на Одделот за судење во разумен рок, каде беа разгледувани тековни прашања и завземени заклучоци по правни прашања од значење за постапувањето на советите и воедначување на праксата на Врховниот суд на Република Северна Македонија со праксата на Судот за човекови права во Стразбур. Покрај тоа, учествуваа во работењето на Општата седница и седниците на судиите на Врховниот суд, како и во бројни други активности насочени кон поефикасна и подобра примена на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани со Уставот, пресудите на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, како и во вонпредметни активности, насочени кон подобрување на улогата на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

## Обем на работа на ОДДЕЛОТ

**Во текот на 2019 година, Одделот за судење во разумен рок во работа имал вкупно 606 предмети (во двата степени на одлучување), од кои**:

**459** предмети во прв степен или **75,74%** и

**147** предмети во втор степен или **24,26%.**

Од вкупниот број **606** предмети **во работа** во Одделот, во текот на **2019** година**,** вкупно **се решени 429** предмети или **70,79 %** од кои

**313** предмети во прв степен или **72,96 %** и

**116** предмети во втор степен или **27,04 %**

Од вкупно **606** предмети во работа во Одделот, **нерешени од претходниот извештаен период** (во двата степени на одлучување) останале **235** предмети или **38,78%**, од кои:

**218** предмети во прв степен или **92,77 %** и

**17** предмети во втор степен или **7,23 %.**

**Новопримени** се вкупно **371** предмети или **61,22 %** од кои:

**241** предмети во прв степен или **64,96 %** и

**130** предмети во втор степен или **35,04 %.**

**Од вкупно решени 429 предмети во Одделот во 2019 година:**

I.Во вкупно **203** предмети или **47,32 %** - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е одбиено** како неосновано, од кои:

**112** предмети во прв степен или **55,17 %** и

**91** предмет во втор степен или **44,83 %**.

**II.** Во вкупно **165** предмети или **38,46 %** - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е усвоено**, од кои:

**140** предмети во прв степен или **84,85%**и

**25** предмети во втор степен или **15,15 %.**

**III.** Во вкупно **61** предмет или **14,22 %**, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е отфрлено**, од кои:

**61** предмет во прв степен или **100 %**

**IV.** Вкупно **177** предмети или **29.20 %**, од вкупниот број **606** предмети во работа **останале нерешени,** од кои:

**146** предмети во прв степен или **82,49 %** и

**31** предмет во втор степен или **17.51 %**.

**Табела 1**

| **Судење во разумен рок - второстепени** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| 17 | 130 | 0 | 0 | 147 | 116 | 31 |
| **17** | **130** | **0** | **0** | **147** | **116** | **31** |
| **Судење во разумен рок - првостепени** | | | | | | |
| **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| 72 | 69 | 0 | 0 | 141 | 73 | 68 |
| 65 | 62 | 1 | 0 | 128 | 83 | 45 |
| 81 | 109 | 0 | 0 | 190 | 157 | 33 |
| **218** | **240** | **1** | **0** | **459** | **313** | **146** |
| **235** | **370** | **1** | **0** | **606** | **429** | **177** |

## Обем на работа на ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

Во текот на **2019** година, пред првостепениот совет вкупно во работа имало **459** предмети или **75,74 %**, од вкупно **606 предмети во Одделот,** од кои:

Од вкупно **459** предмети во работа пред првостепениот совет, **218 предмети или 47,49 % се нерешени предмети од 2018** година, од кои:

**81** предмет од граѓанска материја или **37,15%**,

**72** предмети од управна материја или **33,03,**

**65** предмети од кривична материја или **29,82%**.

Од вкупно **459** предмети во работа пред првостепениот совет, **новопримени** се вкупно **241** предмет или **52,51 %**, од кои:

**109** предмети од граѓанска материја или **45,23%**;

**69** предмети од управна материја или **28,63%,**

**63** предмети од кривична материја или **26,14%**.

Во **2019** година од вкупниот број од **459** предмети, во работа пред првостепениот совет :

**190** предмети се од граѓанската материја или **41,40%,**

**128** предмети се од кривична материја или **27,89 %,**

**141** предмет се од управна материја или **30,71%**.

Во **2019** година, **вкупно се решени 313** предмети од кои:

**157** предмети се од граѓанска материја или **50,16%**,

**73** предмети се од управна материја или **23,32%,**

**83** предмети се од кривична материја или **26,52%.**

На крајот на **2019 година**, **незавршени се** вкупно **146 предмети** од кои,

**33** предмети се од граѓанската материја или **22,60%,**

**68** предмети се од управна материја или **46,58%,**

**45** предмети се од кривична материја или **30,82%.**

### ВИД И НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

Од вкупно **313** решени предмети или **68,19 %** од вкупно **459** предмети во работа пред првостепениот совет:

Во **140** предмети или **44,73%**, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **усвоено, од кои:**

**67** предмети се од граѓанската материја или **47,86 %,**

**31** предмет се од управна материја или **22.14%,**

**42** предмет се од кривична материја или **30%.**

**Во 112** предмети или **35.78%**, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **одбиено како неосновано, од кои:**

**61** предмет се од граѓанската материја или **54.46%,**

**21** предмет се од кривична материја или **18.76%,**

**30** предмети се од управна материја или **26.78%.**

**Во 61** предмет или **19.49%**, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **отфрлено, од кои:**

**29** предмети се од граѓанската материја или **47.54%,**

**20** предмети се од кривична материја **32.79%,**

**12** предмети се од управна материја **19.67%.**

Анализата на вкупниот број решени предмети пред првостепениот совет и параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања во овој извештаен период покажуваат дека преовладува бројот на решени предмети со усвојување на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, особено во предметите од граѓанската материја.

**Време на постапување на ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ**

Од вкупно во работа **459** предмети, **во прв степен решени се 313** предмети или **68.19 %** во кои времетраењето на постапување на првостепениот совет на Врховниот суд на Република Северна Македонија по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од приемот на барањето во Врховниот суд на Република Северна Македонија, до експедирање на првостепеното решение на подносителот на барањето.

**Од вкупно решените 313 предмети**

**-** во период **до 1 месец** решен е **1** предмет од кривична материја или **0,31 %** **-** во период **од 1 до 2 месеци** решени се вкупно **17** предмети или **5,43 %** од кои:

**12** предмет се од граѓанската материја

**3** предмети се од управната материја

**2** предмети од кривичната материја,

**-** во период **од 2 до 3 месеци** решени се вкупно **27** предмети или **8,63 %,** од кои:

**17** предмети се од граѓанската материја

**2** предмети се од управната материја

**8** предмети се од кривичната материја,

**-** во период **од 3 до 6 месеци,** решени се вкупно **67** предмет или **21,41 %,** од кои

**39** предмети се од граѓанската материја

**13** предмети се од управната материја

**15** предмети се од кривичната материја.

**-** во период **подолг од 6 месеци**, решени се **201** предмети или **64,22 %,** од кои:

**89** предмети се од граѓанската материја,

**55** предмети од управната материја,

**57** предмети од кривичната материја.

- Останати за работа во **2019** се вкупно **146** предмети или **31.81%** од кои:

**33** предмети се од граѓанската материја

**68** предмети од управната материја

**45** предмети од кривичната материја.

Причина за пречекорување на рокот од **6 месеци** како законска рамка за решавање на овој вид предмети пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, а видно од бројот на нерешени **146** предмети, е главно недоставувањето на списите на предметите на кои се однесува барањето. Од наведената причина произлегува задоцнето произнесување на судиите кои постапуваат по предметите, односно големиот број на незавршени предмети во првостепениот совет и покрај повеќе испратени ургенции за достава на списи по доставено барање до судот кој постапувал по конкретниот предмет, на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

Во овој контекст, недостасува правно средство со кое Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе се наметне пред пониските судови за побрзо доставување на списите на предметите, особено во случаите кога предметот на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, е активен предмет, односно предмет во тек, каде важи правило да се создадат услови постапката по предметот да продолжи во фазата во која се наоѓа и да не го чека одлучувањето по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Неможноста, во сите случаи да се почитува рокот од **6 месеци** за решавање по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, се воочува во секоја од досегашните извештајни години и била предмет на разгледување и пред седниците на Одделот, каде се донесени соодветни заклучоци, кои сами по себе не можат да дадат резултат, ако системски не се пристапи и кон преиспитување на процесните правила за решавање по овој вид предмети, како и објективноста на поставената законска рамка, која не кореспондира со судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Имено, со законската рамка од **6 (шест) месеци** и не создавањето на процесни услови да се забрза постапката, односно решавање на предметите во тој рок и во двата степени на одлучување пред Врховниот суд на

Република Северна Македонија, само по себе значи давање можност странките – барателите да се жалат и на долгото постапување на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Неможноста Врховниот суд на Република Северна Македонија во сите случаи да го испочитува рокот – рамката од **6 (шест) месеци** за завршување на постапките по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, значат и обврска за преиспитување на законскиот рок во контекс на конзистентност на постапката пред Врховниот суд на Република Северна Македонија и Европскиот суд за човекови права и праксата на тој суд. Во тој контекст, се потенцира обврската за претседателите на судовите, да се заложат за доставување на списите на предметите по кои се врши оценка на постапувањето во разумен рок, се со цел Врховниот суд на Република Северна Македонија да може да ги испочитува роковите за судење во разумен рок, имајќи предвид дека последиците од ненавременото постапување по задолжението за доставување на списите по предметите кои се потребни за постапување по барањата за судење во разумен рок, се одразува на вкупното постапување по овие предмети пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, а со тоа и на оценката за ефикасноста на правното средство. Од значење за следење на ефикасноста на правното средство е да се инсистира преку претседателите на судовите, навремено да се даваат податоци за почитувањето на роковите дадени од овој суд за завршување на предметите кои се во тек, во процесната фаза на одлучување на која се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

**ОБЕМ НА РАБОТА НА ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ**

Во текот на **2019** година, пред второстепениот жалбен совет вкупно во работа имало **147 или 24,26 %** предмети, од вкупниот број **606** предмети во Одделот, од кои:
**17** предмети **или 11,56% останале** нерешени од претходниот извештаен период
**130** предмети или **88,44% се новопримени предмети** во извештајната **2019** година.

**НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ИЗЈАВЕНИТЕ ЖАЛБИ**

Од вкупниот број на предмети во работа (**147),** во текот на 2019 година **вкупно се решени 116** предмети или **78,91%** од кои:
во **91** предмет или **78,45%** жалбата е одбиена како неоснована,
во **25** предмети или **21,55%** жалбата е усвоена
- од вкупно **147** предмети во работа, **нерешени останале 31** предмет или **21,09%.**

Анализата на вкупниот број решени предмети во второстепениот совет и тие дадени по структура, покажува тенденција на побрзо решавање на предметите и намалување на заостатокот на нерешени предмети, а параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања и во овој извештаен период покажуваат дека преовладува бројот на решени предмети со одбивање на жалбата како неоснована односно со **потврдување на првостепеното решение** во вкупно **91** предмет**.**

**Време на постапување на ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ по изјавените жалби**

Времетраењето на постапување на второстепениот совет во Врховниот суд на Република Северна Македонија надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија, го опфаќа периодот од приемот на жалбата во Врховниот суд на Република Северна Македонија, до експедирање на второстепеното решение до подносителот на барањето.

Од вкупниот број од предмети во работа пред второстепениот жалбен совет, решени се вкупно **116** предмети,
- за период до **1 месец** постапката е завршена во **39** предмети или **33,62**%,
-за период од **1 до 2 месец**и постапката е завршена во **31** предмет или **26,72%**,
- за период од **2 до 3 месеци** постапката е завршена во **25** предмети или **21,56 %,**
- за период од **3 до 6 месеци** постапката е завршена во **17** предмети или **14,65 %,**
- за период од **над 6 месеци** постапката е завршена во **4** предмети или **3,45 %**

Од вкупно **116** предмети во работа, **нерешени** останале **31** предмет или **26,72 %.**

Анализата на времето на решавање на предметите пред жалбениот совет, покажува **релативно почитување на рокот од 6 месеци**, како законска рамка за решавање по предметите и во двата степена на одлучување пред Врховниот суд на Република Северна Македонија. Ова, особено што при поставувањето на законската рамка од 6 месеци не се имало во вид потребното време за доставување на решените предмети во прв степен до странките и течењето на рокот за жалба. Оттука, времето на решавање на предметите пред жалбениот совет земено само за себе детерминира дека рокот за постапување по овој вид предмети пред Врховниот суд на Република Северна Македонија е неконзистентен со праксата на Европскиот суд за човекови права**.**

**ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТОК**

Од вкупно решените **429 предмети, од кои 313** предмети во прв степен и **116** предмети во втор степен во жалбената постапка, по кои е одлучувано во Одделот за судење во разумен рок во **2019** година, **максималиот** износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок **во првостепениот совет** е **500.000,00** денари, а **минимално** досудениот износ **во првостепениот совет** е **5.000,00** денари. Додека пак, **максималиот** износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок **во второстепениот** совет изнесува **30.000,00** денари, а **минималниот** износ на име правичен надоместок од страна на второстепениот совет изнесува **5.000** денари.

Од вкупно решени **429** предмети во **2019** година во **прв степен** досуден е правичен надоместок во вкупен износ од **3.492.000,00** денари, а во **втор степен** износ од **314.800,00** денари или вкупен износ во двата степена на одлучување од **3.806.800,00** денари, како на име правичен надоместок, така и за трошоци на постапката по поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

**ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА**

Одделот за судска практика во текот на 2019 година, работеше на остварување на основната цел, насоките и приоритетите во воедначување на примената на законот и следење на судската практика во Република Северна Македонија.

За остварувањето на основната цел, Одделот во 2019 година, ги следеше општите правни сфаќања и општите стојалишта од важност за обезбедување на единство во примена на законот преку проучување на практиката на домашните судови и Европскиот суд за човекови права и компаративно - практиките на судовите од поранешниот правен систем на земјите од опкружувањето. Воедно, учествуваше во подготовката на нацрт правни сфаќања и други материјали од седниците на судските оддели и Општата седница; ги евидентираше начелните ставови и начелните правни мислања на Општата седница, правните мислења и заклучоците прифатени на седница на Одделот, на заедничките седници на оддели или на седница на судии и сентенците на советите; вршеше селекција и евиденција на одлуките од правна важност (значајни одлуки) во случаи за кои се очекува да бидат од особена важност за судската практика; ги прегледуваше одлуките на советите заради проверка дали одлуката е во согласност со правното сфаќање изразено во некоја поранешна или истовремена одлука; ја следеше, проучуваше и учествуваше во хармонизацијата на судската практика - воедначена примена на законите на ниво на Врховниот суд на Република Северна Македонија и судовите во Република Северна Македонија, преку заеднички средби со апелационите судови и следење на конзистентноста на правните норми и нивно подобрување и партиципираше во воедначување во правораздавањето на судовите, по однос на примената и цитирањето на практиката на Европскиот суд за човекови права, во одлуките на судовите во Република Северна Македонија. Одделот за судска практика постапуваше и по предмети оформени по поднесени барања од различни субјекти (адвокати, правни лица, граѓани) за утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за

обезбедување на единството на примената на законите од страна на судовите и по поднесени барања кои се однесуваат на разлики во примена на законите од страна на судовите во Република Северна Македонија и воедначување на судската практика.

**I.** Во врска со обезбедување на хоризонтално и вертикално воедначување на судската практика, односно остварување на основната цел - обезбедување единство во примена на законите од страна на судовите, Одделот за судска практика во текот на 2019 година, ги следеше општите правни сфаќања и општите стојалишта од важност за обезбедување на единствена примена на законот преку проучување на практиката на домашните судови и меѓународните институции.

**II.** Одделот за судска практика, во рамките на своето редовно работење во текот на 2019 година, учествуваше во подготовка на нацрт начелни ставови и начелни правни мислења на Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, правни мислења и заклучоци на специјализираните оддели и прифатени сентенци на советите, како и на нивно евидентирање со систематизирање по правни области и објавување на WEB страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија во делот за судска пракса.

Во 2019 година, донесени и објавени на WEB страната се 2 (две) начелни правни мислења, 4 (четири) правни мислења и заклучоци и 9 (девет) сентенци:

**Табела 1**

| | | |
|---|---|---|
| Начелни правни мислења | 2 | - Рок за покренување на обвинение од страна на ЈО за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконско следење на комуникациите<br>- Одговорност за штета причинета на корисници на државните патишта |
| Начелни ставови | / | |
| Правни мислења и заклучоци | 4 | - Трошоци за превоз до и од работа на вработени во јавниот сектор распоредени надвор од местото на живеење<br>- Изземње на судија кој учествувал како член на Кривичен совет во жалбена постапка против решение на советот за оценка на обвинителен акт - член 32 став 2 од Законот за кривичната постапка<br>- Временска важност на закон/пропис/општ акт кој е укинат со одлука на Уставен суд<br>- Трошоци за објава на пресуда |
| Сентенци | 9 | - Застареност на побарување за надомест на штета<br>- Право на совладение врз неподелена ствар<br>- Вознемирување насочено кон физичко лице<br>- Должност на судот да укаже на подносителот кој нема полномошник да ја определи вредноста на спорот<br>- Прекин на рокот за застареност<br>- Застареност на побарување за надомест на штета спрема ликвидатор на правното лице<br>- Разрешување на директор на јавна установа<br>- Правен интерес за утврдување вистинитост односно невистинитост на исправа<br>- Право на регрес во случај на оневозможување утврдување на присуство на алкохол во моментот на незгодата |

**III**. Во текот на 2019 година, Одделот за судска практика вршеше селектирање, евидентирање и систематизирање по правни области на одлуки од правна важност (значајни одлуки) на судечките совети на Врховниот суд на Република Северна Македонија, при што фолдерот „Судска пракса“ кој претставува интерна база на податоци достапна на сите судии и стручни судски соработници на Врховниот суд на Република Северна Македонија, беше ажуриран со 140 одлуки. Воедно, од страна на Одделот за судска практика се следеа одлуки

на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а со цел воедначување на судската практика се вршеше пребарување на слични или идентични одлуки во базата на податоци која ја има Одделот за судска практика, во АКМИС програмата преку писарниците и на WEB страната на Врховниот суд на Република Севрна Македонија на која се објавуваат анонимизирани одлуки на Судот.

**IV.** Одделот за судска практика во текот на 2019 година, постапуваше по 79 предмети, заведени под СПР број, кои беа оформени по поднесени барања за утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите, по поднесени барања кои се однесуваат на разлики во примена на законите од страна на судовите во Република Северна Македонија и воедначување на судската практика, по доставени дописи од судовите и по дописи од Министерството за правда, Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, а во врска со судската практика и предметите кои против Република Северна Македонија се водат пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

**V.** Во рамки на своето редовно работење, Одделот за судска практика одржа 7 седници во 2019 година, заведени под СПЗ број. На седниците, помеѓу другото, е утврден начинот на заведување на барањата и дописите кои пристигнуваат во Врховниот суд на Република Северна Македонија и понатамошното постапување по нив во Одделот за судска практика и во судот. Утврден е и начинот на подготвување и одржување на седниците на Одделот за судска практика, потреба за продолжување на соработката на Врховниот суд на Република Северна Македонија со Центарот за правни истражувања и анализи со диференцирање на концепт на работа и соработка. Разгледани се 32 предмети.

**VI.** На седница на Одделот за судска практика, одржана на ден 29.03.2019 година, во насока на соработка на Врховниот суд на Република Северна Македонија со Центарот за правни истражувања и анализи, препознаена преку проектот за донесување на „Водич за цитирање на праксата на Европскиот суд за човекови права од судовите во Република Северна Македонија“, беше донесен заклучок со кој е усвоен „Водич за цитирање на праксата на Европскиот суд за човекови права од судовите во Република Северна Македонија“.

Водичот за цитирање на праксата на Европскиот суд за човекови права од судовите во Република Северна Македонија беше објавен на WEB страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а печатени примероци од истиот беа доставен до сите судии во Република Северна Македонија.

За промоција на Водичот за цитирање на праксата на Европскиот суд за човекови права од судовите во Република Северна Македонија, организирани се и одржани 4 (четири) средби на подрачје на апелационите судови и тоа: на 17 и 18 април 2019 година за Апелациониот суд Штип, на 20 и 21 јуни 2019 година за Апелациониот суд Битола, на 19 и 20 септември 2019 година за Апелациониот суд Гостивар и на 23 декември 2019 година за Апелациониот суд Скопје. На ваков начин, се овозможува практично воедначување во правораздавањето на судовите, по однос на примената и цитирањето на практиката на Европскиот суд за човекови права, во одлуките на судовите во Република Северна Македонија.

Воедно, на истата седница беше утврден начинот на подготвување и работата на седниците на Одделот за судска практика, со оглед на обемноста на материјалите кои се изложуваат на седниците, а со цел навремено запознавање на члeновите на Одделот за судска практика со предметите и правните прашања кои произлегуваат од истите. Имено, откако ќе се заведе предмет со СПР број, за кој ќе се утврди дека има потреба да се разгледува на седница на Одделот за судска практика, истиот се скенира и се става во заедничка папка на членовите на Одделот за судска практика, односно во фолдерот ZAKONI (кој се наоѓа на Desktop на секој статичен компјутер), во подфолдерот SEDNICA - Sudska praksa, фолдер „Нов материјал за седница на Одделот“. На овој начин, се воспостави и нов начин на одржување на седниците на Одделот за судска практика, преку персонални компјутери, со асистенција на IT центарот на Судот.

**VII.** Одделот за судска практика во насока на следење, проучување и учество во хармонизацијата на судската практика - воедначена примена на законите на ниво на Врховниот суд на Република Северна Македонија и судовите во Република Северна

Македонија, организираше заедничка средба на Врховниот суд на Република Северна Македонија со апелационите судови, на тема Воедначување на примена на законите и судска практика, „Концепт за работа и усогласување“. Заедничката средба се одржа во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 07.03.2019 година, а на истата присуствуваа Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и претставници на Кабинетот, Претседателот, судиите и стручно советничкиот кадар на Одделот за судска практика, претседателите на апелационите судови, претседателите на одделите во секој од апелационите судови, претставници на Центарот за правни истражувања и анализи и г-дин Ѓуро Сеса Претседател на Врховниот суд на Република Хрватска, во својство на меѓународен експерт и консултант назначен за Врховниот суд на Република Северна Македонија, избран преку механизмот на експертската координација кој се спроведува во рамките на Европската унија, во соработка со Советот на Европа за хоризонтална поддршка на земјите на Западен Балкан. На средбата беа донесени заклучоци по две правни прашања за кои беше постигната согласност на ставовите на судовите, додека за две правни прашања поради различните ставови на судовите беше констатирано истите да се разгледаат на следната Работна средба на четирите апелациони судови. Записникот од Заедничката средба со донесените заклучоци беше објавен на WEB страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**VIII.** Во текот на 2019 година, преку Одделот за судска практика, Врховниот суд на Република Северна Македонија ја следеше практиката на Европскиот суд за човекови права во Стразбур преку анализа на одлуките и нивно селектирање со цел полесно имплементирање на истите во одлуките на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Така, во рамки на програмата „Подобрување на транспарентноста, правната сигурност и ефикасноста на судството во Македонија“, чии активности се спроведуваат во соработка со Центарот за правни истражувања и анализи, а се поддржани од страна на Британската амбасада во Скопје, во Врховниот суд на Република Северна Македонија беше ангажиран Велимир Деловски во својство на надворешен соработник (консултант) на Одделот за судска практика. Изготвените материјали кои содржеа категоризација по членови согласно Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, на пресудите донесени од Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија, беа тековно ажурирани во соодветни подфолдери во фолдерот „Судска пракса на ЕСЧП“, креиран во постоечкиот фолдер „Судска пракса“, на кој начин се интерно достапни до сите судии и стручни судски соработници.

## ОБЈАВЕНИ, АНОНИМИЗИРАНИ ОДЛУКИ НА ВЕБ СТРАНАТА НА СУДОТ

Објавувањето на Одлуките на веб страната на судот се одвива во континуитет согласно предвиденото во Законот за управување со движење на предметите, прикажано во табелата по области.

**Табела 1**

| | |
|---|---|
| **Кривично** | **368** |
| **Граѓанско** | **985** |
| **Разумен рок ПСРРГ- ПСРРК- ПСРРУ** | **276** |
| **Разумен рок по жалба ПСРРЖ** | **116** |
| **УСПИЖ** | **22** |
| **УЗЗ** | **7** |
| **ВКУПНО:** | **1.774** |

**Податоци за работа на Канцеларијата за односи со јавност**

Канцеларијата за односи со јавност при Врховниот суд на Република Северна Македонија тековно објавува соопштенија на Судскиот портал со цел информирање на јавноста за работата на Судот, известување за активностите на претседателот и на судиите, нивно учество на меѓународни конференции, семинари, работилници, обуки и состаноци, како и информирање на јавноста за состаноци и посети од делегации, претставници на институции, проекти во кои е вклучен Врховниот суд на Република Северна Македонија. Соопштенија се објавуваат и за информирање за предмети кои предизвикуваат поголем интерес во јавност.

**БАРАЊА ПО ЗАКОН ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Во Врховниот суд на Република Македонија во 2019 година примени се:

**30** – барања за слободен пристап по Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**2** – жалби поднесени од странките преку Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои истите се за предмети од 2019 година.

**1** - жалба усвоена со РЕШЕНИЕ бр.08-258 од 13.02.2019 година на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за предмет СПИ.бр.21/2018-3.

По сите барања е постапено и одговорено согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во текот на 2019 година, на следниот начин: со одговор на барања, со службена белешка по усно барање на барателот, со препраќања на барања, со заклучок за запирање на постапката а согласно новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ,бр.101/2019) по едно барање е постапено со решение со кое се усвојува барањето на странката.

**РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите)**

Согласно член 37 од Законот за судовите, во исполнување на уставните и законските надлежности, претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на **2019** година има одржано **16 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

- Општата седница на барање на мислење од Судскиот совет на Република Северна Македонија за ориентациониот број на предмети што секој судија треба да ги реши месечно заради донесување на Одлука за ориентациона норма за 2019 година, даде мислење дека судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија не треба да бидат задолжени со ориентациона норма.
- Усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2018 година.
- Општата седница одлучи по 2 (два) приговори на судии против одлуки за распоред за работа на претседатели на судови.
- Општата седница разгледуваше 8 (осум) иницијативи за утврдување на правни мислења.
- Расправано е по 3 (три) правни прашања.
- Утврдени се 2 (две) начелни правни мислења.
- На проширена Општа седница разгледани се Извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија за 2018 година.
- Општата седница расправаше по 9 (девет) барања за заштита на законитоста.

- Усвоени се Оценките и заклучоците по извештаите за работењето на судовите во Република Северна Македонија за 2018 година.

- Општата седница избра членови на 3 (три) совети за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

- Општата седница одлучуваше за иземање на вд претседателот и на судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија од формирање на жалбени совети за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија и за иземање на членови на жалбени совети за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

- Општата седница донесе Кодекс на етика на судиите и судиите поротници, на предлог на Здружението на судиите.

- Општата седница даде мислење за оптималниот број на судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија, на барање на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

- Прибавено е мислење за Годишниот распоред за работа на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2020 година.

- Дадени се мислења по 5 предлог закони доставени од Министерството за правда и тоа:

- предлог Законот за кривичната постапка,
- предлог Законот за правосуден испит,
- предлог Законот за меѓународна соработка во кривичната материја,
- предлог Законот за управување со движењето на предметите во судовите и
- предлог Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство.

## СЕДНИЦИ НА СУДИИ

Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на **2019** година има одржано вкупно **6 Седници на судии** на кои:

- разгледувана е состојбата со исплата на додатоци за плати, започнати судски спорови и предлози за надминување на состојбите, во која смисла седницата на судиите донесе заклучок дека спогодувањето со Владата на Република Северна Македонија е подобра солуција отколку водењето на судски спорови;

- формирана е тричлена комисија за давање мислење до Судскиот совет на Република Северна Македонија, за оценување на претседателот на судот и судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија, составена од претседателот на судот и двајца судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија;

- формирана е тричлена комисија за давање мислење до Судскиот совет на Република Северна Македонија, за оценување на претседателите на одделите во Врховниот суд на Република Северна Македонија, составена од претседателот на судот и двајца судии – претседатели на други оддели или судии од Врховниот суд на Република Северна Македонија;

- разгледувани се други прашања од значење за работата на Судот, пред се однесувањето на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија во целокупното работење на судот.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИТЕ ОДДЕЛИ

### ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

Одделот за казниви дела во текот на 2019 година на одржаните седници, постапуваше и расправаше по добиени материјали, прашања и иницијативи поднесени од основните и апелационите судови, како и од адвокати.

**На ден 23.01.2019 година,** беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која со мнозинство гласови 4:1 беше усвоено следното:

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражната постапка во период не подолг од 18 месеци од денот на превземањето на предметите и материјалите од негова надлежност како комулативен услов.

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите по истекот на рокот од 18 месеци од денот на превземањето на предметите и материјалите во негова надлежност како комулативен услов не е овластен тужител за превземање на јавнообвинителските дејствија во предистражна и истражна постапка предвидени со одредбите од Законот за кривичната постапка. Исто така беше усвоено Претседателот на одделот да состави јазично и граматички корегиран текст на правното мислење и реферат за Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија.

**На ден 20.03.2019 година** беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беше разгледан и усвоен годишниот извештај на Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Македонија за 2018 година.

**На ден 25.09.2019 година,** беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беа разгледувани повеќе точки по кои беа донесени заклучоци. По поднесеното барање на Претседателот на Апелациониот суд Штип кое се однесува на примена на новиот закон за прекршоците кој е поблаг за сторителите беше донесен заклучок судовите по службена должност во текот на постапувањето да внимаваат на примената на поблагиот закон, а судиите во секој конкретен случај во зависност од околностите на случајот да ценат за примена на поблагиот закон за прекршоците во постапувањето и одлучувањето по конкретни предмети. Исто така донесен беше заклучок дека по барањето за правно мислење од судијата на претходна постапка од Основниот суд Скопје I Скопје во врска со член 22 од Законот за Специјалното Јавно Обвинителство да се извести судијата дека овој суд по тоа прашање донел начелно правно мислење на 30.01.2019 година.се расправаше по барањето на Апелациониот суд Скопје, за донесување правно мислење за примена на основите за изземање на судија соглсно член 33 став 1 точка 4 и 5 од Законот за кривичната постапка.. На истата седница беше донесено следното:

**На ден 02.10.2019 година** беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беа разгледувани иницијативи, барања, заклучокот на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите, како и усогласување на АКМИС системот во овој суд со новиот закон за кривичната пистапка. На седницата е одржана расправа и денесен е заклучок да се изготви нацрт-правно мислење дека судија кој учествувал во советот за оценка на обвинителниот акт и постапувал по поднесениот приговор против обвинителниот акт и е донесено решение за отфрлање на истиот, кое е формално процесно решение, истиот не учествувал мериторно во одлучување за главната расправа, така што нема пречка истиот судија во поглед на неговата непристрасност кога постапувал како член на советот во второстепениот суд и одлучувал по жалба мериторно за главната работа, така што во конкретниот случај нема основ за изземање на тој судија согласно член 33 став 1 точка 4 и 5 од Законот за кривичната постапка.

**На ден 03.10.2019 година** беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беше разгледувана состојбата со стари останати предмети од судиите Јово Вангеловски и Рахилка Стојковска и беа донесени заклучоци предметите да бидат прераспределени во АКМИС системот, да се дадат на судијата Цветанка Периќ и истите да се пререферираат, кои биле реферирани а не одлучени, како и предметите кои биле одлучени но непотпишани од сите судии во советот да се вратат на судијата известител за повторно да бидат реферирани.

**На ден 07.11.2019 година** беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беше разгледуван нацрт-правното милсење за изземање на судија, согласно член 33 став 1 тока 4 и 5 од Законот за кривичната постапка и беше донесен заклучок нацрт правното мислење да се уважи.

**На ден 27.11.2019 година** на одржана седница на Одделот за казниви дела беше разгледувано, корегирано и усвоено правното мислење, која беше точка на дневен ред и на седницата на Одделот за казниви дела на ден 07.11.2019 година и е донесено следното:

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Судија кој учествувал како член на Кривичен совет во жалбена постапка против решение на советот за оценка на обвинителен акт, во смисла на член 328 став 2 од Законот за кривичната постапка, кога приговорот поднесен против обвинителниот акт е отфрлен како ненавремен, или недозволен, може да биде член на совет и мериторно да одлучува по изјавена жалба во второстепениот суд против првостепена пресуда за главната работа.**

## ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во текот на 2019 година Одделот за граѓански дела, **одржа 10 седници** од кои две седници се одложија поради неисполнување на услови за нивно одржување. На седниците е расправано за разни правни прашања кои произлегуваа од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови и други подносители, по кои се **утврдени 4 правни мислења,** од кои три се објавени на веб страната, а едно правно мислење е во постапка за објавување и **9 утврдени и објавени сентенци**. Во Одделот за граѓански дела беше постапувано по **104 разни граѓански предмети** заведени под ознаката Гр. Судиите од Одделот за граѓански дела во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања, како и учество на дел од судиите како членови на органите на Академијата за судии и јавни обвинители, при што таквата нивна ангажираност немало негативно влијание за редовното работење на Одделот, а воедно остварени се и посебни работни средби со одделите за граѓански дела на Апелационите судови.

## ОДДЕЛ ЗА РАЗУМЕН РОК

Во текот на 2019 година, Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Северна Македонија одржа **1- една седница на Одделот** на која беа расправани значајни правни прашања кои произлегуваат од предметите оформени по барања за заштита на правото на судење во разумен рок, а воедно беа разгледани Извештајот за работа на Одделот за судење во разумен рок за 2018 година и Предлог - програма за работа на Одделот за судење во разумен рок за 2019 година.

## ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА

Во текот на 2019 година е зголемен бројот на поднесени барања согласно член 37 од Законот за судовите, со кои се бара од Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија да утврди начелен став и начелно правно мислење, Одделот за судска практика на седница одржана на ден 05.07.2019 година, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**Сите иницијативи поднесени до Врховниот суд на Република Северна Македонија кои гласат за усогласување на судска практика, за начелни правни мислења и начелни правни ставови да се заведуваат во посебен уписник - книга и да се доставуваат во Одделот за судска практика. Одделот за судска практика поднесените иницијативи тековно ги изнесува на седници на Одделот и со заклучок ги упатува на понатамошно постапување на Општата седница.**

**Прашањето за постапување по иницијативите за начелни правни мислења и начелни правни ставови да се регулира во Деловникот на Врховниот суд.**

Во оваа насока, Одделот за судска практика на седница ги разгледува СПР предметите, па во зависност од правното прашање кое произлегува од материјалите и предлага на Општата седница да утврди потреба од донесување начелно правно мислење и со заклучок да определи судија да изготви реферат по кој ќе одлучува или да донесе заклучок со кој ќе утврди дека од приложениот материјал не произлегува потреба од донесување начелно правно мислење и начелен правен став.

## ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Меѓународни посети на Претседателот и судиите на Врховниот суд на Република Македонија:**

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на покана на Претседателот на Касациониот суд на Франција и Јавниот обвинител во овој суд, присуствуваше на свеченост по повод формалното отворање на судиската година, која се одржа во Касациониот суд на Франција во Париз на 14 јануари 2019 година.

Делегација на Врховниот суд на Република Северна Македонија, составена од претседателот на судот и двајца судии, на покана на претседателот на Европскиот суд за човекови права, присуствуваше на традиционалната свеченост по повод годишната работа на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Во рамки на свеченоста која се одржа на 28 јануари 2019 година, беше одржан семинар насловен „Зајакнување на довербата во судството“.

Претседателот и судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, учествуваа на шестиот по ред Годишен регионален форум посветен на владеењето на правото, кој се одржа на 22 и 23 март 2019 година во Дубровник, Република Хрватска.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на покана на Врховниот суд на Република Словачка учествуваше во работата на Деветтата по ред конференција на претседатели на врховни судови од Централна и Источна Европа, која се одржа од 26 до 29 мај 2019 година во Братислава, Република Словачка.

Судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на покана на Врховниот суд на Црна Гора, учествуваа во работата на Конференцијата на претседателите на врховните судови и јавни обвинители, која се одржа од 24 до 26 јуни 2019 година во Бечиќи, Будва, Црна Гора.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, присуствуваше на свеченост по повод стапување на функција на ново избраниот Прв претседател на Касациониот суд на Република Франција, г-а Шантал Аренс. Свеченоста се одржа на 6 септември 2019 година во Големата сала на францускиот Касационен суд во Париз, Република Франција, во присуство на претставници на највисоките судови од целиот свет.

ВД Претседателот и еден судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на покана на Генералниот Директорат за човекови права и владеење на правото на Совет на Европа, учествуваа во работата на регионалната конференција на тема „Поделба на одговорноста при примената на Европската конвенција за човекови права: надминување на предизвиците преку користење на новите правосудни алатки“. Регионалната конференција се одржа на 24 и 25 октомври 2019 година во Сараево, Босна и Херцеговина.

ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и судија, учествуваа во работата на Деветтата конференција на Судскиот Совет на Косово, која се одржа на 07 декември 2019 година во Приштина, Косово.

**Во текот на годината, Врховниот суд на Република Македонија го посетија делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции:**

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и членови на Кабинетот, на 08 февруари 2019 година остварија средба со Н.Е. г-ѓа Кеико Ханеда, амбасадор на Јапонија во Република Северна Македонија.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 13 февруари 2019 година, во просториите на Врховниот суд на Република Северна Македонија, повторно оствари средба со претседателот на Врховниот суд на Република Хрватска, г-дин Ѓуро Сеса,

меѓународен експерт и консултант за Врховниот суд на Република Северна Македонија, за практичната имплементација на Националната стратегија за реформи во правосудниот сектор и акциониот план во согласност со европските стандарди и практика.

Во дводневна посета на Врховниот суд на Република Северна Македонија, престојуваше г-ѓа Alice Proy, слушател на Академијата за судии во Република Франција. За време на посетата на 18 и 19 февруари 2019 година, г-ѓа Proy оствари средба со претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, како и со други судии и се информираше за работата на Одделот за казниви дела и Одделот за граѓански дела.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 20 февруари 2019 година, оствари средба со Н.Е. г-н Кристијан Тимоние, амбасадор на Република Франција во Република Северна Македонија. На средбата присуствуваа и г-ѓа Julie Maraval, аташе за соработка во Француската Амбасада и г-ѓа Alice Proy, слушател на Академијата за судии во Република Франција.

Претседателот и судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија и членови на кабинетот на 06 март 2019 година, оствариja средба со амбасадорот на Народна Република Кина во Република Северна Македонија Н.Е. г-ѓа Јин Лисјен.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на 11 април 2019 година оствари работна средба со г-дин Том Галовеј и г-а Искра Андреева од Британската Амбасада во Република Северна Македонија. На средбата присуствуваа и Рахилка Стојковска, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија и г-дин Жарко Хаџи-Зафиров, претставник од Центарот за правни истражувања и анализи.

Претседателот и судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија и членови на кабинетот, во просториите на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 14 март 2019 година, оствариja средба со амбасадорот Самуел Жбогар, шеф на Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија. На средбата присуствуваа и м-р Фаик Арслани, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, членови на Кабинетот на претседателот и претставник од Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 30 мај 2019 година, оствари средба со г-ѓа Лисе Кристоферсен, Норвешка, Група на Социјалисти, Демократи и Зелени, г-дин Валериу Гилечи, Молдавија, Група на Европска народна партија - коизвестители на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Совет на Европа и г-ѓа Силви Афхолдер, секретар на Мониторинг комисијата. На средбата присуствуваше и м-р Фаик Арслани, судија кој го заменува претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и членови на кабинетот на претседателот.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 06 јуни 2019 година, во просториите на Врховниот суд на Република Северна Македонија, оствари средба со претставник на Светска банка, г-дин Срѓан Свирцев, виш специјалист за јавен сектор. На средбата присуствуваа и м-р Фаик Арслани, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија и членови на кабинетот на претседателот.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 12 јули 2019 година, во просториите на Врховниот суд на Република Северна Македонија, оствари средба со Н.Е. г-дин Емилио Лоренцо Сера, амбасадор на Кралството Шпанија во Република Северна Македонија.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 27 август 2019 година, во просториите на Врховниот суд на Република Северна Македонија, оствари средба со г-а Ана Зец, шеф на Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје.

ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, м-р Фаик Арслани, во просториите на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 17 октомври 2019 година, оствари средба со амбасадорот Самуел Жбогар, шеф на Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија. На состанокот присуствуваа г-а Марина Курте, претставник од Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија и членови на кабинетот на претседателот.

ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија во просториите на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 22 октомври 2019 година, оствари

средба со претставници од Амбасадата на САД во Република Северна Македонија, г-а Дајана Палеквин, шеф на програмата ИНЛ Политичка канцеларија и владеење на правото и г-а Челси Шинур, шеф на програмата ОПДАТ.

ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 11 декември 2019 година, оствари средба со Н.Е. г-дин Дирк Јан Коп, амбасадор на Кралството Холандија во Република Северна Македонија.

ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 12 декември 2019 година, оствари средба со шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорот Клеменс Која.

ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на 18 декември 2019 година, оствари средба со Н.Е. г-а Рејчел Галовеј, амбасадор на Обединетото Кралство во Република Северна Македонија.

## ЦЕНТАР ЗА ИНФОРМАТИКА

Во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија сместена е целокупната хардверско-софтверска опрема од областа на ИКТ наменета за непречено функционирање на ВСРСМ и дел за судовите на РСМ и ССРСМ. Дополнително во Центарот за информатика сместени се одредени централизирани бази на податоци, централизирани функционалности, централизирана размена на податоци со надворешни институции итн. кои се наменети за непречена работа на сите судови. Основните активности за непречено функционирање на имплементираните ИКТ системи (планирање, учество во развојни ИКТ проекти, администрација, менаџирање, мониторинг, заштита, безбедност, централизирани јавни набавки, поддршка на корисниците итн.) се во опсегот на работни задачи на вкупно 4 (четири) IT инженери вработени во Центарот за информатика на ВСРСМ.

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија во функција се следниве кориснички апликациiод областа на ИКТ со тенденција на нивно зголемување во наредниот период:

- Апликацијаза управување со движењето на судските предмети (АКМИС).
- Апликација за материјално и финансиско работење (АБМС).
- Апликација за објавување на судската пракса на Врховниот суд на РСМ и одлуки на апелационите судови на Web страната за судска пракса.
- Апликација за објавување на судски одлуки, информации, новости, статистички и други податоци на Web страната на Врховниот судна РСМ
- Централизирано хостирање на судскиот Web портал и Web страните на сите судови на РСМ
- Систем за електронска пошта наменет за вработените во Врховниот суд на РСМ и за нотификација на корисниците на системот за Електронската достава на судски документи
- Апликација за електронска достава на судски документи (прва фаза – достава од судовите до корисниците) наменета за сите судови на РСМ, со централизирана база на податоци хостирана во Врховниот суд на РСМ.
- Апликација за казнена евиденција наменета за сите судови на РСМ, со централизирана база на податоци хостирана во Врховниот суд на РСМ.
- Централизиран сервис за размена на податоци за стечајните управници со Централен регистар на РСМ, наменет за сите судови на РМ
- Централизиран сервис за размена на податоци помеѓу судовите и обвинителствата на Република Северна Македонија
- Централизиран сервис за размена на податоци помеѓу судовите и Службен веснаик на Република Северна Македонија

IT инженерите вработени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ во текот на 2019 година ги реализираа следните активности:

- Утврдување на потребите, изработка на детална техничка спецификацијаи критериуми за утврдување на способност, учество во евалуација и реализација (давање на техничка

поддршка и следење на напредокот во согласност со зацртаните термински планови) на постапките за јавни набавки кои ги опфаќаат потребите на сите судови во РСМ и Судски совет на РСМ од областа на ИКТ како што следи:

- o Хардверско-софтверско одржувањена опремата набавена во рамките на ИПА2010 проектот вклучително и превентивно и адаптивно одржување на веб страните на сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
- o Превентивно и адаптивно одржување на АКМИС системотимплементиран во судовите на Република Северна Македонија вклучително и одржување на дополнителните апликации и сервиси интегрирани во истиот
- o Одржување на IBM Lotus Domino платформата, е-маил системот и веб апликацијата за објавување одлуки од судската пракса на Врховниот суд на РСМ
- o Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на Firewall Check Point архитектурата имплементирана восите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
- o Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на VMware инфраструктуратаимплементирана во сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
- o Одржување на софтверот за собирање, анализа и пребарување на лог записи на ИКТ уредите сместени во ВСРСМ
- o Хардверско-софтверско одржување и годишна претплата насистемот зазаштита на базите на податоци во сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
- o Постгаранцискоодржување на системот за прецизна климатизација во систем салата на Врховниот суд на РСМ
- o Одржување на УПС системот сместен во зградата на Врховниот суд на РСМ
- o Обнова на лиценци за интегриран софтверски пакет за целосна антивирусна и антиспам заштита на ИКТ опремата во сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
- o Учество во Работна група формирана од Судскиот совет на РСМ за изработка на техничка спецификација и критериуми за утврдување на способност во постапката за набавка на интернет линкови за сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
- o Набавка на АОП материјали за потребите на Врховен суд на РСМ

- Континуирано следење на состојбата и преземање на соодветни активности со цел непречено функционирање на имплементираните кориснички апликации наменети за ВСРСМ и дел за сите судови на РСМ, во сите нивни фази на примена:
  - o Нотирање на појавени недостатоци, непредвидени проблеми, забелешки и коресподенција со изготвувачот на корисничката апликација за нивно отстранување
  - o Согледување на евентуални потреби од надгрдба и подобрувања
  - o Доделување на соодветни кориснички права и привилегии
  - o Техничка поддршка на внатрешните и надворешни корисници кои се обраќаат до Центарот за информатика и бараат помош
  - o Изработка на разни статистички извештаи за потребите на судските служби и други институции

- Планирање на потребни финансиски средства за инвестиции и одржување во областа на ИКТ за сите судови на РСМ и ССРСМ, планирање на потреби за континуирана едукација на вработениот IT кадар во судовите на РСМ и планирање на потребата од нови вработувања на стручен IT кадар во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ.
- Тековно администрирање, менаџирање и пратење на ИКТ системите кои се поставени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ, а наменети се за Врховниот суд на РСМ и дел за сите судови на РСМ.
- Секојдневно извршување и контрола на процедурите за заштита на системски и кориснички податоци (backup) наменети за Врховниот суд на РСМ и дел за сите судови на РСМ.
- Мониторирање насистемските логови за дојава на грешки на целокупната ИКТ опрема сместена во Центарот за информатика на Врховен суд на РСМ со цел отстранување на евентуално појавени проблеми.

- Континуирано следење на перформансите на поставените ИКТ системи со цел преземање на соодветни активности или согледување на потребата од нивна надградба.
- Тековно одржување и администрирање на работните станици, notebook компјутерите, принтери, скенери.
- Соработка и координација на Центарот за информатика на ВСРСМ со одделенијата за информатика на судовите во РСМ и ССРСМ со цел давање на препораки и насоки за преземање на одредени активности поврзани со централизираните функционалности, известувања за обезбедено одржување на одредени ИКТ системи, постапки за пријавување на појавени проблеми, достава на потребна документација итн.
- Континуирано следење на новите технологии и трендови во областа на IT (без соодветна едукација) користејќи литература достапна на Интернет.
- Водење на уредна документација за реализирани системски и кориснички активности, настанати проблеми, нивно отстранување,водење на месечни извештаи за реализирани работни задачина IT инженерите од Центарот за информатика на ВСРСМ и сл.
- Учество на работни состаноци за реализација на ИПА2 проектот ЛОТ4, реализирани работни средби, анализа и достава на потребни податоци до ангажираните експерти во рамките на ИПА 2015 проектот Поддршка на реформите, учество во работата на ново формираниот Совет за ИКТ

Согласно на сите современи општествени трендови сама се наметнува потребата од континуирано воведување на нови информатички технологии и IT системи во судскиот систем на РСМ за да може преку осовременување, едукација, копматибилност и унификација на информатичката технологијада се постигне крајната цел, остварување на ефикасна поврзаност на сите судови натериторија на РСМ иразмена на податоци со други институции. Тоа по автоматизамконтинуирано и значително го зголемува обемот на работа на постоечкитесамо 4 (четири)IT инженери вработени во Центарот за информатика при ВСРМ.

Соодветно на тоа евидентна и неопходна е потребата од континуирановработување на стручни IT инженери во Центарот за информатика на кои ќе им биде овозможенасоодветна и континуирана едукација имајќи во предвид дека информатичката технологија е најдинамичниот систем во секое современо општество.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1.** Врховниот суд на Република Северна Македонија заклучи дека од претходната година останале нерешени **1422** предмети, новопримени за 2019 година биле **2002** предмети, што значи дека Судот постапувал по вкупно **3422** предмет од сите видови без 7 предмети погрешно заведени и со 5 предмети повторно во рбота. Во текот на годината решени биле **2167**, а останале нерешени **1255** предмети.

Врховниот суд на Република Северна Македонија во извештајната година го совладал приливот и го намалил заостатокот за **165** предмети.

**2.** Во **Одделот за казниви дела** во текот на извештајната 2019 година, новопримени биле 425 предмети, односно вкупно во работа по сите основи биле 650 предмети, од кои се решени 496 предмети, од кои 1 предмет од 2014 година, 8 предмети од 2015 година, 17 предмети од 2016 година, 63 предмети од 2017 година и 122 предмети од 2018 година или вкупно 211 заостанати предмети од претходните години, а на крајот на годината останале нерешени 154 предмети по сите основи. Бројот на нерешените предмети се должи на низа објективни фактори, меѓу кои и бројот на предметите од областа на организираниот криминал и тоа сложени, обемни предмети, со голем број на осудени лица, кои бараат значителни напори, како и подолг временски период за нивно ефикасно совладување. Причините во врска со природата и карактерот на предметите кои влијаат на временскиот период за нивно одлучување, се рефлектираат и на времетраењето на постапката за добивање мислење од јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

На вкупниот број на нерешени предмети, секако има влијание и фактот што дел од истите во судот се примени на крајот од извештајната година, поради што и не можеле да бидат земени во работа, од причина што биле дадени на мислење во Јавното обвинителство на Република Македонија.

Врховниот суд на Република Северна Македонија подолг период се соочува со недостиг на соодветен број на судии, како и недостиг на стручни соработници. Овие објективни околности претставуваат оправдани и релевантни причини кои директно влијаат на нарушување на принципот на ажурност. Меѓутоа, и покрај вака поставените, односно намалени човечки ресурси, со добра организација во однос на распоредот за работа и активна соработка на сите чинители во процесот, Одделот за казниви дела ажурно, ефикасно и квалитетно ја заврши извештајната година.

Судиите и судските советници од Одделот во текот на извештајната 2019 година, имаа одлична соработка со раководителот на дактилобирото и со сите дактилографи кои стрпливо, стручно, навремено и технички уредно ги изработуваат сите видови одлуки и други материјали што беа изготвени од судиите и советниците.

**3.** Во **Одделот за граѓански дела**, во извештајниот период, имало **вкупно во работа 2.129** предмети, од кои **944 нерешени предмети** од претходни години**,** а **новодојдени предмети 1.185.** Споредбено со претходната година кога биле примени 1204 предмети, приливот на предмети во 2019 година е намален за 19 предмети. Во извештајната година **решени** се **1.211** предмети, а **нерешени предмети** останале **918**. Во споредба со 2018 година кога биле **решени 1.341** предмети, поради нецелосна судиска екипираност, **решени се 130 предмети помалку**, но и покрај тоа приливот е совладан во целост а **заостатокот намален за 26 предмети**. Заради зголемување на ефикасното работење на судиите постои потреба да се пополни бројот на испразнетите судиски места.

**4.** Во **Одделот за судење во разумен рок,** во извештајниот период **вкупно во работа** биле **606 предмети,** по сите основи, во двата степени на одлучување. **Нерешени предмети од претходната година** биле вкупно **235** предмети, **новопримени** биле вкупно **371** предмети. Во извештајната 2019 година, **решени** биле вкупно **429** предмети, а **нерешени** останале **177** предмети. Оттука, можеме да заклучиме дека приливот е совладан во целост, а заостатокот е намален за вкупно **58** предмети.

Во извештајната **2019** година, споредбено со **2018** година, намален е износот на вкупно определениот паричен надоместок досуден поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок. Така, вкупно определениот надоместок за утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, во **2018** година во **прв степен** изнесувал **4.233.000** денари, а во **втор степен** изнесувал **317.900** денари односно вкупен износ во **двата степена** од **4.550.900** денари, споредбено со вкупно досудениот надоместок во двата степени на одлучување кој за извештајниот период изнесува **3.806.800** денари.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното можеме да резимираме дека судиите, судските советници и вработените во судската писарница на Одделот, во текот на извештајната **2019** година придонесоа Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Северна Македонија да е ажурен и ефикасен, имајќи го предвид бројот на предмети во прв и втор степен, по сите основи. Ваквиот начин на работа, дава за право Одделот и понатаму да продолжи да работи со ист интензитет на одлучување на предметите во разумен рок со квалитетни одлуки, со заложба за решавање на проблемот околу достава на списи по предметите по кој е поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

**5. Одделот за судска практика** во Врховниот суд на Република Северна Македонија, во текот **на 2019 година** ги оствари зацртаните програмските задачи.

Потребата од транспарентност, предвидливост и почитување на принципот на правна сигурност, го детерминира работењето на Одделот за судска практика и во 2020 година, да опстои и ја продлабочи својата улога во воедначување на примената на законите од страна судовите.

За остварување на програмските цели и задачи, во согласност со местото и улогата на Врховниот суд на Република Северна Македонија како највисок суд, кој со уставот на Република Северна Македонија има надлежност да ја воедначува примената на законите од страна на судовите, а посебно со проширувањето на надлежностите уредени со законот за судовите, каде Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија има функционална надлежност да постапува по иницијативи и преку начелни правни ставови да ја воедначува примената на законите од страна на судовите, потребно е и поголемо залагање на судиите на Судот, членови на одделот за судска пракса.

Заради остварување на заложбите за транспарентност на судот, односно отвореноста на судот кон јавноста, се наметнува потреба од доработка на системот на објавување и пребарување на одлуките во системот на судска практика, преку нивно селектирање и пребарување по клучни податоци, за кое е неопходно планирање и инвестирање во проект за набавка, односно надградба на алатка за овозможување на ефикасно пребарување.

Воведување на алатка на пребарување на важни - референтни одлуки од страна на судиите од сите судови, со востановување на база на податоци - одлуки по вид, достапни само за судиите.

Редовно објавување на одлуките на судот.

Редовно селектирање на важни - референтни судски одлуки.

Во рамките на функционалната надлежност на Одделот за судска практика, се наметнува потреба и од неформално воедначување на судската практика. Неформалното воедначување на судската практика се огледа како размена на поединечни правни мислења и искуства во примена на процесно правни и материјално правни прашања.

**6.** Со оглед на улогата и значењето на судската администрација во Врховниот суд, како највисок суд во Републиката, во процесот на обезбедување на ефикасно постапување на судот, да се вложат напори за измена на Законот за судска служба и преку што би се обезбедиле можности за напредување, наградување и зголемување на бројот на судските службеници.

**7.** Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно својата надлежност донесените начелни правни ставови и начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци од работата на Општата седница и правните мислења, заклучоци и сентенци усвоени на седниците на одделите, да продолжи континуирано да ги објавува на WEB страната на Судот, но и да продолжи праксата на објавување Билтен и Збирка на судски одлуки.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**